РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3308/2
31.03 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24-а став (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта**

**1.** Се акредитира **Асоцијација на наставници по Англиски јазик на Република Македонија-ЕЛТАМ** за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Англиски јазик.

**2.** Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Асоцијацијата на наставници по Англиски јазик на Република Македонија - ЕЛТАМ бр.11-3308/1 од 14.03.2014 година.

**3.** Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.

**4.** Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***Образложение***

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта на кој Асоцијацијата на наставници по Англиски јазик на Република Македонија - ЕЛТАМ поднесе барање за акредитација бр.11-3308/1 од 14.03.2014 година. Согласно член 24-а став (5) од Законот за средното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр.19-15111/1 од 25.12.2013 година, утврди дека Асоцијацијата на наставници по Англиски јазик на Република Македонија- ЕЛТАМ ги исполнува основните критериуми за акредитација за организирање на натпревари на учениците од средните училишта утврдени во член 24-а став (7) во Законот за средното образование, ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта и ја акредитира за период од три години согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средно образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

**За Комисијата,**
**Претседател**
**Весна Торбовска Василевска**

Доставено до:
- Асоцијација на наставници по Англиски јазик на Република Македонија- ЕЛТАМ
- Министерство за образование и наука
- Биро за развој на образованието
- архива